Ludwig Boltzmann Institute of Human Rights
Research Association (BIM-FV)

*financed by*
Austrian
Development Cooperation

# ПРИСТАП ЗАСНОВАН НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО ОПШТЕСТВО ВО ТРАНЗИЦИЈА – ИСКУСТВА ОД МАКЕДОНИЈА

**СЕПТЕМВРИ 2008**
**СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА**

Подготовката и објавувањето на оваа брошура е подржана од Институтот за човекови права Лудвиг Болцман (БИМ) и Австриската Агенција за Развој (АДА)



***Автори***

Маг. Нинослав МЛАДЕНОВИЌ

Филипо УХТЕРХОФЕР

Д-р. Маг Барбара КУЕХАС

***Превод, лекторирање и уредување***

Виолета Цветановска

***Дизајн и насловна страна***

Next Print Digital Imagining

***Проект***

Намалување на сиромаштијата и човековите права во Македонија

Улица Вељко Влаховиќ Бр. 1А-1/4, 1000 Скопје

Телефон: (389 2) 32 16 956

***Тим за поддршка на БИМ***

Мирије СУЛМАТИ

Јагода ИЉОВ

Ивана МИЛОШЕВИЌ

***Во соработка со***

Силва ПЕШИЌ, Канцеларија на постојаниот претставник на УН

Лилјана АЛЧЕВА, УНДП-Македонија

Виолета МАЦОВА, СНВ-Македонија

***Правна задршка***

Ставовите изнесени во понатамошниот текст се ставови на авторите и не секогаш ги искажуваат официјалните ставови на Институтот за човекови права Лудвиг Болцман и Австриската агенција за развој

**Список со кратенки**

| | | |
|---|---|---|
| АДА | - | Австриска агенција за развој |
| БИМ | - | Институт за човекови права Лудвиг Болцман |
| ОГО | – | Организации на граѓанското општество |
| ЕУ | - | Европска Унија |
| ПЗЧП | – | Пристап заснован врз човековите права |
| ЗМИ | – | Заеднички меморандум за инклузија |
| ЛЕР | - | Локален економски развој |
| ЛЛГ | – | Локална лидерска група |
| ЛС | – | Локална самоуправа |
| МРЦ | – | Милениумски развојни цели |
| МТСП | - | Министерство за труд и социјална политика |
| НВО | - | Невладини организации |
| ОМК | - | Отворен метод на координација |
| ФГ | – | Фокус групи |
| СЕП | - | Секретаријат за европски прашања |
| СНВ (SNV) | - | Холандска агенција за развој |
| УНДП (UNDP) | - | Програма за развој на Обединетите Нации |
| УН ОХЦХР UN OHCHR | - | Канцеларија на високиот Комесар за човекови права на Обединетите Нации |

**Содржина**

ПРЕГЛЕД НА ПРОЕКТОТ НА БИМ-ФВ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО МАКЕДОНИЈА ......…………………………………………………………………………………

ПОТРЕБА ЗА ФОКУСИРАЊЕ НА ПРАВАТА..……………………………………………………………....

I. Зошто стратешки решенија и здобиени знаења.............................................................

II. Значење и идна употреба на елаборираните алатки за идентификација.......……………......

a. Значење на користењето на инструментите за идентификација ………………………..

б. Значење на продуктивноста на искористените инструменти за идентификација.......…

III. Здобиени знаења и стратешки решенија....……………………………………………………

# ПРЕГЛЕД НА ПРОЕКТОТ НА БИМ-ФВ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО МАКЕДОНИЈА

Институтот за човекови права Лудвиг Болцман (БИМ) е независен институт за истражување, обука и советување под закрила на друштвото Лудвиг Болцман.

Примарен фокус на БИМ се истражувањата поврзани со човековите права на национално, европско и меѓународно ниво. БИМ е вклучен и во изучувањето на човековите права како и во обуката, а вработените во БИМ редовно имаат својство на советници на австриските и странските власти во полето на човековите права, владеењето на законот и демократизацијата. Уште повеќе, од БИМ редовно се бара да дава коментари и совети за нацрт-легислативата со што се обезбедува врска помеѓу академското општество и оние кои ја спроведуваат. Од овие причини, значаен дел од работата е посветен на фундаменталните емпириски истражувања кои одат заедно со имплементацијата на проектот. Преку соработката со меѓународните и националните институции и невладините организации (НВО), БИМ се стреми да обезбеди соодветни проучувања, анализа на податоци во врска со прашања поврзани со човековите права во области како меѓународните закони, политики, едукација и медиуми.

Помеѓу голем број на други проекти, БИМ-ФВ е домаќин на Центар кој се фокусира на човековите права и образование на населението во училиштата и служи како Национална фокусна точка во рамките на Мрежата за расизам и ксенофобија (РАХЕН), која поднесува извештаи до Агенцијата за фундаментални права (ФРА). Истата порано беше позната под називот Европски центар за мониторинг на расизмот и ксенофобијата (ЕУМЦ).

Главен фокус на активностите на БИМ во Македонија беше имплементацијата на проектот за човекови права и намалување на сиромаштијата во Македонија, финансиран од Австриската агенција за развој преку воведување на УН ОХЦХР Принципите и насоките во Стратегијата за намалување на сиромаштијата преку примена на пристапот заснован на човековите права, а во соработка со УНДП-Македонија, Министерство за труд и социјална работа и Секретаријатот за европски прашања. Главна цел на проектот беше имплементација на примената на пристапот заснован врз човековите права (HRBA) во намалување на сиромаштијата и поддршка во создавање стратегија за социјален и економски развој заснован врз основа на милениумските развојни цели како на национално така и на локално ниво.

Во 2005 година, Македонија званично се здоби со статус на земја кандидат за прием во Европската Унија. Одтогаш, сложените подготовки за прием во ЕУ добија поголемо политичко внимание со што се создаде можност за имплементација на ПЗЧП. Преку истиот проект, БИМ учествуваше во подготвителната фаза на елаборатот на Заеднички меморандум за инклузија (ЗМИ) – стратешки документ кој се однесува на главните предизвици и политички мерки поврзни со сиромаштијата и социјална исклученост која Македонската влада преку МТСП се обврза да ја усвои во рамките на процесот за прием во ЕУ.

Улогата на БИМ беше преку имплементација на моделот Отворен метод на координација (ОМК), да се зајакне учеството на граѓанското

општество со обезбедување на адекватна експертиза за специфични национални фокусни групи, поддршка во собирањето на релевантни податоци на локално и национално ниво како и давање на пропораки, механизми и индикатори за мерење на намалувањето на сиромаштијата и пошироко социјално вклучување преку нивно дефинирање со учесниците и употреба на примери од Австрија и другите земји членки на ЕУ.

На локално ниво, БИМ спроведе активности за развој заснован врз човековите права во седум избрани општини (Струмица, Неготино, Гостивар, Брвеница, Македонски Брод, Демир Капија и Росоман) со цел да се зајакнат капацитетите на локалната самоуправа и на другите учесници за вклучување на ранливите и сиромашните во елаборатот на статегијата за локален развој првенствено преку:

- Елаборирање на студијата за сиромаштијата во избраните општини;
- Елаборирање на низата алатки за идентификација на загрозените групи и сиромашните;
- Организирање на обуки и работилници за елаборираните алатки;
- Организирање на дискусии со фокусни групи со претставници на нај-маргинализираните социјални групи; и
- Финансирање на микро-проекти за обезбедување на имплементацијата на ПЗЧП во елаборирањето на плановите за локален развој.

Една од предвидените активности на проектот на БИМ за човековите права и намалување на сиромаштијата кој беше спроведен во тесна соработка со поектот на УНДП за планирање врз основа на МРЦ, беше да се соберат податоци (квантитативно и квалитативно, преку набљудување и интервјуирање на одредени фокусни групи) и нивна анализа која ќе вклучи социо-економско исцртување и идентификација на специфични ранливи групи со користење на алатки1 за пристап заснован врз човековите права и развиен од страна на УНДП/БИМ со цел да се собере количество на податоци потребно за проценка на состојбите на најразбирлив начин.

Главна цел беше да се изврши проценка кој услуги поврзани со МРЦ (образование, здравство, социјална помош и др.) општините им ги нудат на своите жители и уште еднаш да се провери кој какви услуги користи, дали постои адекватна партиципација во процесот на донесување на одлуки на локално ниво и дали како последица на ова постојат било какви шеми на социјална исклученост. Беа користени најразлични методи како прашалници и интервјуирања за идентификација на задачите и знаењата, вештините и способностите како и на други карактеристики кои се потребни за развиток на локалните стратегии. На овој начин, БИМ се здоби со предност која му овозможи да собере подетални информации од поголем број на луѓе. Собраните податоци се искористија за идентификација на социјалните групи кои се најмаргинализирани и врз кои се спроведува повеќекратна дискриминација и на тој начин се предвидуваат начини за интеграција на ранливите и сиромашните во процесот на планирање на локалниот развој. Уште повеќе, собраните податоци ќе служат како основа за планирање на понатамошните активности на проектот како и за следните проекти. Тие исто така ќе служат како алатка за набљудување и проценка. Нивната употреба ќе помогне за

---

1 Програмата за развој на Обединетите Нации го усвои методот во рамките на алатките за интеграција на пристапот кој се заснова врз човекови права и еднаква родова застапеност во локалните власти (нацрт на Барбара Кухас, Карин Лукас и Елена Руиз), Братислава, 01.01.2007. Во него беа вклучени состаноци и интервја со локални НВО - прилагодување на Списокот за проверка на граѓанското општество (ЦСО), претставниците на општините – насоки за интервју на политички функционери (ИГПФ), локални испостави на децентрализирани национални институции – Услуги за насоки на интервјуирање, како и други релевантни учесници кои работат со специфични ранливи групи – Список со ранливи групи (ВГЦ).

вреднување на влијанието на проектот и здобиените знаења.

Како дополнување, беа спроведени низа обуки за членовите на Локалните Лидерски Групи од седумте општини кои беа избрани. Публиката која беше цел на овие обуки беше составена од претставници на локалната самоуправа, граѓанското општество и бизнис секторот. Важноста на овие обуки беше учесниците да се запознаат со меѓународната и националната законска рамка која е важечка во Република Македонија а се однесува на човековите права, можноста за идентификација на ранливите групи и сиромашните социјални групи, принципите на еднаквост и недискриминација, како и со потребите за почитување и прогресивно применување на човековите права, вклучување во граѓанското општество и зајакнување на одговорностите на сите нивоа на владеење.

Со цел да се истакнат најчестите проблеми со кои се соочуваат ранливите и сиромашните жители, се направи проценка на нивните потреби и права и се предложија адекватни решенија кои треба да бидат вклучени во плановите за локален развој. Во секоја од горенаведените општини беа организирани дискусии со фокус групи.

Со цел да се измери влијанието на имплементацијата на ПЗЧП а во рамките на Поттикнувачките Фондови (грантови за микро-поекти за човековите права) БИМ додели седум награди за микро-проекти во секоја од избраните општини. Наградите требаше да ја поддржат имплементацијата на приоритетите кои беа вклучени во стратегијата за локален економски развој на избраните општини и беа наменети за намалување на сиромаштијата и поголема социјална вклученост на ранливите и сиромашните жители на општината.

## ПОТРЕБА ЗА ФОКУСИРАЊЕ НА ПРАВАТА

Меѓународниот закон за човекови права беше изготвен да ги заштити сите човекови права кои им се потребни на луѓето за полн, слободен, сигурен, обезбеден и здрав живот. Правото на достоинствен живот никогаш не може да биде исполнето доколку сите основни животни потреби – работа, храна, дом, здравствена заштита, образование и култура – не се адекватно и еднакво достапни до сите. Виенската Декларација и Програмата за дејствување (Дел II, параграф 98) наведува дека мора да постои концентриран напор за обезбедување и признавање на економските, социјалните и културните права на национално, регионално и меѓународно ниво... Светската конференција за човекови права потврди дека екстремната сиромаштија и социјалната исклученост претставуваат кршење на човековото достоинство и дека се неопходни итни чекори за подобро спознание на екстремната сиромаштија и нејзините причини, вклучувајќи ги тука и проблемите кои се поврзани со развојот, а со цел да се промовираат човековите права кај најсиромашните, да се стави крај на екстремната сиромаштија и социјалното исклучување и да се промовираат добрите страни на социјалниот прогрес. За државите е есенцијално да се потикнува учеството на најсиромашните луѓе во процесот на донесување одлуки во општината во која тие живеат со цел да се промовираат човековите права и напорите за борба против екстремната сиромаштија (Дел I, параграф 25).

Економските, социјалните и културните права се во потполност признаени од страна на меѓународната заедница и во Законот за меѓународни човекови права. Иако овие права привлекоа помалку внимание од граѓанските и политичките права, моментално им се посветува повеќе внимание од кога и да е. Прашањето кое се поставува не е дали се ова основни човекови права туку какви права се вклучени во нив како и правната природа на обврските кои државите ги имаат за нивна реализација. Националните и локалните власти во најмала рака мораат да го земат во предвид Законот за меѓународни човекови права, како на пример ЦЕСЦР, помаш за интерпретација на домашните закони и да се осигура дека тој во иднина ќе се применува на начин кој е во согласност со одредбите на меѓународните

инструменти за човекови права кои се ратификувани од страна на Државата. Крајната ефективност на овие инструменти треба да биде взаемно поврзана со мерките кои треба да бидат превземени од страна на власта за да се даде ефект на нивните меѓународни правни обврски.

Економските, социјалните и културните права се дизајнирани да обезбедат заштита на луѓето како целосни личности врз основа на преспективите во кои луѓето истовремено можат да уживаат во нивните права, слободи и социјалната правда. И покрај значителниот прогрес во изнаоѓањето на проблемите и недостатоците на луѓето, како и постојаниот глобален економски раст и развиток, големиот степен на маргинализација покренува сериозни прашања не само за развитокот туку и за основите на човековите права.

Во Македонија вниманието посветено на социјалната инклузија, намалувањето на сиромаштијата, како и почитувањето на разликите и човековите права е навремено бидејќи забрзаниот економски раст ги прави социјалните разлики се по видливи, ранливоста се зголемува заради зголемувањето на цените, социјалните служби сеуште не се реформирани а меѓународната заедница ја признава социјалната инклузија и стабилниот економски раст како дел на агендата за развој на земјата.

# I Зошто насоки за решенија и здобиени знаења?

Земајќи го во предвид фактот дека проектот на БИМ за намалување на сиромаштијата и човекови права во Македонија се ближи кон крајот, БИМ реши да ги извлече стекнатите знаења и да изготви низа насоки за решенија за понатамошно разгледување за сите релевантни учесници.

Здобиените знаења до кои БИМ дојде во текот на имплементацијата на тематскиот проект на локално и на национално ниво се базираат врз основа на релевантните искуства, било да се тие позитивни или негативни. БИМ критички ги разгледува прашањата кои го имале посакуваното влијание во процесот на имплементација, но исто така ги проценува и факторите кои биле регистрирани како непосакувани за време на процесот на имплементација како и начинот на кој БИМ се справуваше со нив.

Истовремено, БИМ изведе одредени заклучоци кои требаше да бидат реализирани за време на неговите активности во Македонија, и како резултат на тоа, предложи адекватни насоки за решенија кои можеа да им дадат насоки за идните активности на сите релевантни учесници во процесот во полето на човековите права, совијалната инклузија и економскиот развој.

БИМ смета дека ова издание треба да биде корисно за сите релевантни учесници во создавањето на политички - ориентирани решенија и реализација на меѓу - секторските програми кои ги напаѓаат ранливите социјални групи, намалувањето на сиромаштијата и темите поврзани со човековите права.

# II Вредност и идна употреба на елаборираните алатки за идентификација

### Вредност на користените алатки за идентификација

**(1) Насоките за интервју со политички функционери** беа употребени низ интервјуа со луѓе кои се активно вклучени во локалниот политички систем и се наоѓаат на раководни места во општините со цел да се идентификуваат задачите и знаењата, вештините и можностите, како и други карактеристики кои се потребни за развивање на локалната стратегија. Нивна генерална цел беше да се добијат одговори на голем број на значајни прашања кои ќе помогнат за дијагностицирање на моменталните состојби во заедниците и да се направат генерални претпоставки кои се ранливите групи во општината, начинот на кои тие ја осетиле ранливоста како и причините зошто се тие ранлива група.

**(2) Услуги на насоките за интервју** беа користени во интервуирањето на луѓе кои се активно вклучени на водечки места во месните заедници, здравството, образованието и системот на социјалната заштита во избраните општини. Заедниците и другите учесници во општината беа вклучени во едно длабочинско истражување на ранливоста во рамките на нивната заедница со ставање на акцент на перцепциите, ставовите и вредностите на членовите на локалната заедница со овозможување и мотивација на луѓето да превземат соодветни мерки преку подлабоко разбирање на предизвиците со кои се соочуваат ранливите луѓе.

**Насоки за решенија**

Овие алатки беа развиени од страна на БИМ – Виена со цел на УНДП – Македонија да и се даде првиот преглед пред да се започне со разгледување на состојбата по домаќинства. Иако двете горенаведени алатки по природа се квалитативни и даваат индикации за ранливоста, сепак овие алатки неможат да обезбедат целосна димензија за ранливоста што е особено тешко во случаи кога официјалните проценки и податоци не се достапни или доволни. Затоа, **тие секогаш треба да се употребуваат во комбинација со комплементарни алатки кои се наменети за собирање на квантитативни податоци**. **Ова ќе овозможи подобра помош на претставниците на властите за оформување на адекватни мерки и алокација на неопходните ресурси кои се наменети за приоритетите на ранливите заедници.**

**(3) Алатката организации на граѓанско општество (ЦСО)** ни помогна во идентификацијата на постоечките организации на граѓанско општество во општината и во собирањето на информации за нивните активности, капацитети и ефективност со цел тие да се употребат на најдобар можен начин преку нивно вклучување во процесот за локален развој. Контролната листа беше употребена за пронаоѓање и собирање на информации за различните аспекти на активностите на ЦСО како и за празнините во нивниот капацитет. Информациите беа собирани преку интервуирање на клучни информатори од локалните ЦСО и/или со проверка на податоците во општината. Насобраните информации беа искористени за давање приоритет на прашања кои треба да бидат опфатени во стратегијата за локален развој.

**Насоки за решенија**

Земајќи го во предвид особеното значење на проценката на капацитетите на локалните Организации на граѓанското општество, оваа алатка **треба постојано да се користи на локално ниво** со цел да се определи можната улога на секоја ЦСО врз која се прави проценка во процесот на социјална инклузија на маргинализираните и ранливите социјални групи како и нивно вклучување во дефинирањето и образложувањето на стратегиите за локален развој кој од друга страна најверојатно ќе обезбеди висок степен на поддршка на целокупниот процес.

**(4) Потсетникот за ранливите групи** ни помогна во идентификацијата на потенцијално ранливите групи и во видовите на прашања со кои овие групи може да се соочат. Преку него се осигураваме дека цели категории на луѓе кои на прв поглед не се видливи при проценката на општината нема да останат неразгледани. На овој начин се гарантира значаен пристап со учество во проценката на оние кои во најголем број на случаи се маргинализираат (на пример жените, лицата со хендикеп, националните малцинства, Ромите, раселените лица, повратниците, бегалците, децата, старите лица, лицата жртви на трговија со луѓе, работниците емигранти, барателите на азил, затворениците, лицата кои се ХИВ позитивни, хомосексуалците и многу сиромашните лица или бездомниците) и чии проблеми не се искажуваат ниту од нивна страна ниту од страна на државните власти или од страна на други локални жители кои би говореле во нивно име. Исто така се осигуравме дека собраните информации се релевантни за индикаторите на човекови права или се содржани во рамките на човековите права така што потребите на мажите и жените

се подеднакво земени во предвид во процесот на планирање на локалниот развој.

Тимот за проценка/истражувачите треба да ја користат оваа листа како потсетник со брзи упатства за сите видови на прашања кои треба да се прашаат со цел да се идентификуваат групите кои се најмногу ранливи. Листата не треба да биде премногу темелна. Таа треба да биде жив инструмент кој тимот/истражувачот може да го адаптира во согласност со значењето и искуството на терен. Како резултат на ова, листата треба повеќе да личи на насоки за работа, отколку како правила до кои стриктно треба да се држи. Слични прашања треба да им се поставуваат и на другите групи во секој сектор во зависност од приоритетите на општината каде што се прави проценката. Тимовите за проценка/истражувачите се поттикнуваат да додаваат нивни сопствени прашања/коментари или уште повеќе да истражуваат во врска со причините.

Кога се одговара на прашањата во листата, треба исто така да се објасни како се добиени ваквите заклучоци и проценки (на пр. Дали овие впечатоци се формирани за време на работата на терен? Дали се информациите добиени од НВО или од јавноста? Дали беше спроведена дискусија со фокусните групи?). Треба да се обезбедат и забелешки и извори на дадените одговори. Исто така, препорачливо е да се направи синергија со анализа на Националната и Меѓународната правна рамка (Алатка 2).

**Насоки за решенија**

Оваа алатка беше превземена од РМАП проектот во Босна, која е уште еден пример на пост-воена земја што се соочува со најразлични форми на сиромаштија.[2] Потсетникот е една од најпристапните елаборирани алатки, неговата содржина **треба да биде адаптирана согласно специфичноста на регионот/земјата каде што тој се применува**. Истовремено, **тој треба да се збогати со прашања кои ќе се однесуваат на специфичните ранливи групи**.

**(5) Дискусии со фокус групи** беа спроведени во форма на „скроени“ фокусни групи кои содветствуваат со реалните проблеми/потреби со кои се соочува одредена целна група која од страна на ЛЛГ е претходно дефинирана како „ранлива или сиромашна“ и која е избрана во соработка со општините или претставниците на НВО. На овој начин се добиваат информации од „прва рака“ и се прави длабочинско испитување во врска со тематските прашања, така што се обезбедува значително учество на сите учесници во процесот на елаборирање на плановите за локален развој засновани врз основа на МРЦ. Тие исто така помогнаа да се истакнат нај честите проблеми со кои се соочуваат „невидливите“ социјални групи кои од нај различни причини не беа вклучени во ЛЛГ со што се доведоа во ризик и преостанатите „заборавени жртви“ и на тој начин беше откриено како нивните потреби да се интегрираат во планирањето на локалниот развој.

Селекцијата на соодветната методологија беше од најголемо значење за создавање на функционални фокусни групи. Некои од учесниците, заради сензитивноста на нивниот статус како осиромашени социјални групи не беа подготвени активно да учествуваат во дискусијата и на почетокот манифестираа индиферентност, непријателско расположение, агресивно однеување или дури во некои случаи бараа и пари. Со цел да се неутрализираат, овие ризици треба однапред да бидат предвидени, но исто така, тие не треба да не обесхрабрат да се продолжи според зацртаната агенда. Најверојатно, најсоодветен модел би бил да се постават фокусните групи без присуство на НВО или претставници на јавните институции чие присуство може да ја попречи објективноста на изјавоте на учесниците или негативно да влијае на севкупниот тек на дискусијата. Сепак, постоечката мрежа на НВО и на локалниот јавен сектор може да послужи како најдобар индикатор во проценката и изборот на целни групи.

Уште еден важен аспект е фокусните групи да се организираат во рамките на

[2] http://rmap.undp.ba

избраните општини а не да се изнесуваат надвор од нивната животна средина. Ова ќе биде нај ефективна опција во поглед на трошоците но исто така овој пристап ќе ни овозможи најмногу да се доближиме до целните групи и да ги процениме нивните потреби на најпотполен можен начин. Се препорачуваат и претходни теренски посети на индивидуалните приматели. Максималниот број на учесници не треба да ја надминува бројката од 15 лица и тие не треба да траат повеќе од два часа. Исто така треба и да се размислува за замена доколку некој од избраните учесници не е во можност да присуствува на фокусните групи. Секој од учесниците треба подеднакво да се третира со почит.

**Насоки за решенија**

**Фокусните групи треба да бидат повеќе насочени кон адресирање на потреби и приоритети на претходно идентификувани ранливи групи без било какво формално претставување** (во рамките на Советот на општината или преку членство во НВО/ЦБО), и **тие треба да бидат институционализирани како постојан механизам за консултација** на избраната општина.

Исто така, **треба да се зајакне и улогата на месните заедници** бидејќи тие имаат потенцијал да служат како издржана форма на учество на луѓето која произлегува од нивните потреби и ги надополнува повремените јавни сослушувања организирани од страна на општината или ЦСО.

## Вредност на производите добиени преку употребата на инструментите за идентификација

**(1) Набљудувањето на сиромаштијата по домаќинства во пилот општините Гостивар, Неготино и Струмица**[3] имаше потенцијал да даде поддршка на планирањето и процесот на имплементацијата на локалните програми за развој кој се засниваат на човековите права во избраните пилот општини.

[3] www.univie.ac.at/bim/macedonia

Главна цел на студијата беше да се обезбедат податоци кои можат да дадат насоки на идните планови за локален развој на избраните општини кои се базираат на човековите права и МРЦ, главно преку идентификација на ранливите и сиромашните групи како и на најсуровите форми на сиромаштија со кои било соочено населението од овој крај.

Дотолку повеќе набљудувањето на сиромаштијата по општините во себе содржи елементи на градење капацитети а со цел да се подигне свеста за потребата од спроведување анализи за ранливоста и да им се овозможи на претставниците на локалните НВО да се стекнат со основни вештини во подготовката и спроведувањето на анализи за идентификацијата на потребите на сиромашните и маргинализирани групи. Ваквата студија во пилот општините беше спроведена од страна на активисти на локалните НВО координирани од локален експерт за човекови права.

Проценката се базираше врз основа на анализа на претходно идентификуваните групи на потенцијално ранливи и сиромашни домаќинства. Во предвид беа земени практичните сознанија на УНДП - Македонија во врска со состојбата со локалната сиромаштија добиени со нивна континуирана работа во рамките на овие општини.

Иако студијата претставуваше нумерички израз на животните услови на сиромашните и ранливи домаќинства, таа немаше статистичка вредност бидејќи примерот не беше статистички релевантен заради недостиг на буџетски средства. Од овие причини анализата на проценката треба да се чита и разбере како информација во врска со сиромаштијата во рамките на избраните групи на домаќинства со очекувана можност дека може да се појави или да надвладее друга форма на сиромаштија и истата може да биде на високо ниво споредено со вкупната популација. И покрај горенаведеното, информациите кои се добиваат со ваквата студија покажуваат кој аспекти на сиромаштијата се особено сурови во рамките на избраните групи на домаќинства, и според кој критериуми овие домаќинства се различно

погодени од сиромаштијата споредено со другите.

**Насоки за решенија**

Доколку во иднина се спроведуваат слични набљудувања, **големо внимание треба да се посвети на создавањето на примерокот и изборот на претставникот**, така што истиот нема да биде занемарен во понатамошните фази од страна на надлежните власти и истовремено ќе обезбеди најточни информации.

**(2) Основната студија за идентификација на ранливите и сиромашните во општините Демир Капија, Росоман, Брвеница и Македонски Брод**[4] обезбеди заклучоци за исходот и резултатите добиени од претходното истражување на УНДП - Македонија спроведено од страна на локални консултанти. Добиените информации од Основната студија ни покажаа кој аспекти на сиромаштијата се особено сурови во рамките на избраните општини и според кој критериуми овие општини се поразлично погодени од сиромаштијата споредено со дугите. Истовремено, Основната студија ни обезбеди квалитативна слика на животните услови на ранливите и сиромашните во избраните општини. Со студијата беа добиени податоци кои можат да дадат насоки за идните локални планови за развој на човековите права во дадените општини. Целта беше да се скуси истражувањето за да може да се идентификуваат ранливите групи и причините за нивна ранливост во избраните локални средини. Уште повеќе, оваа студија истражуваше за состојбата на ранливите групи земајќи го во предвид нивниот пристап до локалните услуги и донесувањето на одлуки со цел да се идентификуваат конкретни акции за намалување на ранливоста во општината. Заклучоците имаа потенцијал да го поддржат планирањето и процесот на имплементацијата на програмите за локален развој заснован врз основа на заштита на човековите права

**Насоки за решенија**

И покрај фактот што Основната студија беше ценета од страна на поголемиот дел на локалните истражувачи на БИМ и често беше спомнувана во најразлични документи со насоки, таа има потенцијален недостиг во собирањето на значајни статистички податоци. Од овие причини, секое понатамошно повторување треба да значи дека **треба да се искористат предностите на искористувањето на адекватните алатки така што ќе биде вклучена и анализа на одговорните носители на одговорности и носители на права.**

## Алатка 2

## Национална и меѓународна правна рамка за човекови права[5]

Алатката 2 беше развиена во 2006 година со заеднички напори на БИМ (меѓународната рамка) од една страна и УНДП (националната рамка) од друга страна со цел да се истакне дадената вредност на ПЗЧП и подршка на имплементацијата на националните закони кои можат да бидат применети во пресрет на приемот во ЕУ, со достигнување на милениумските развојни цели и напорите за социјална инклузија и намалување на сиромаштијата во Македонија. Таа беше развиена на таков начин што во неа беше вклучен преглед на меѓународни договори за човекови права ратификувани од страна на македонските власти со кои се надополнуваат домашните инструменти и механизми за заштита на човековите права. Таа беше потполно во согласност со МРЦ, агендата на ЕУ за социјална инклузија и Принципите и

[4] www.univie.ac.at/bim/macedonia. www.zels.org.mk

[5] www.univie.ac.at/bim/macedonia. www.undp.org.mk

насоките за намалување на сиромаштијата на UN OHCHR.

Иако беше корисна како референтна алатка (со елаборирање на широк спектар на стандарди, цели, индикатори и потсетници), таа требаше да се третира како жив инструмент кој треба константно да се ажурира и да се адаптира согласно прашањето/ секторот/ ранливата група. Таа требаше да вклучи длабинска компаративна анализа на применливата законска рамка на легислатива на ЕУ и релевантната домашна легислатива, при што би било посветено особено внимание на значајни прашања (на пример, враборување, домување, образование, родови, здравствени и/или ранливи групи како луѓе со хендикеп, деца и друго).

Ова може да создаде потреба за усвојување на секундарна легислатива која е потребна во случај економските, социјалните и културните права да треба да станат реалност, бидејќи законите сами по себе не се доволни на национално ниво. Имено, примената на оваа алатка покажа дека административни, судски, политички, економски, социјални и образовни мерки како и многу други чекори треба да бидат усвоени од страна на македонските власти со цел да се осигураат овие права за сите нејзини жители, нивните права слободно да го следат економскиот, социјалниот и културниот развој, вклучувајќи ги и слободите да се продолжи со економските, социјални и културните активности на кои се гледа како на фундаментален предуслов за ефективни гаранции на индивидуалните човекови права како и на заштитата и засилувањето на мерките за заштита на човековите права на национално ниво.

**Насоки за решенија**

На документот со законската рамка треба да се гледа како на жив иструмент кој **треба константно да се ажурира и во него да бидат вклучени сите главни релевантни правни придобивки**.

Исто така, земајќи го во предвид статусот на Република Македонија како земја кандидат за членство во ЕУ, и обврските кои беа превземени од страна на македонската Влада, **таа повеќе треба да се фокусира на применливите законски рамки на ЕУ** отколку за де елаборира само во рамките на МРЦ .

## Алатка 3

## Како локалниот економски развој да биде функционален за сите: ПЗЧП стратегии за намалување на сиромаштијата

Алатката 3 се покажа како одлична алатка која дефинитивно треба да биде вклучена како референтен материјал за релевантни локални учесници кои се занимаваат со локалниот економски развој.

**Насоки за решенија**

Оваа алатка **треба да биде преведена на националниот јазик/јазици и можеби да се адаптира во една нова верзија која ќе биде повеќе прифатлива за корисниците**. На овој начин таа би била по достапна на сите компетентни службеници во општината.

# III. Научени лекции и насоки за решенија

Со цел да се постигне поголема одржливост и ефективност во севкупниот процес на развој на стратегиите, релевантните локални учесници треба да останат посветени на употребата на алатките за програмирање на ПЗЧП. Со составување на правната и практичната експертиза од страна на БИМ и на другите партнери во развојот како и со издавањето на специфичната легислатива, политика и други предлози и препораки, релевантните локални учесници можат подобро да им асистираат на одговорните службеници на власта како по ефикасно да ги обезбедат економските, социјалните и културните права на граѓаните.

Релевантните локални учесници го подржуваа процесот на планирање на локалниот развој во избраните општини, преку најразлични проекти и програми. Иако беше постигнат голем успех, преку компаративна анализа на веќе усвоените стратегии за локален

развој може да се заклучи дека сеуште постои значителен недостаток на инкорпорирани аспекти во рамките на локалното стратешко планирање и програми. Од овие причини, релевантните локални учесници треба да се стремат кон потполно спроведување на создадениот пристап заснован на испораката на прашања и програми за развој кој на крај **ќе доведат до поголемо засилување на перспективите на човековите права и потполно користење на пристапот заснован на човековите правата во елаборирањето на стратегиите за ЛЕР.** Одговорните локални учесници треба да се осигураат дека сите релевантни наоди, коментари и препораки кои се однесуваат на човековите права ќе бидат земени во предвид и ќе бидат вклучени во процесот на елаборирање на стратегиите.

**Најдобри практики**

БИМ одигра значителна улога во управувањето на ПЗЧП при елаборирањето на локалните планови за развој. Со цел да се олесни финализацијата на стратегиите, во тесна соработка со УНДП – Македонија, БИМ ги поддржа локалните лидерски групи (ЛЛГ) во избраните општини (и ги опфати локалните консултанти на УНДП-Македонија) преку спроведување три низи на обуки кои се фокусираа на:

- Применливите стандарди на човекови права и достапните правни механизми за имплементација на МРЦ
- Идентификација на ранливите групи и инструменти за засилување на нивната улога во елаборирањето на вклучените стратегии и;
- Вклучувањето на родовата перспектива во предлагањето на развојните политики.

Публиката која беше цел на овие обуки беше составена од претставници на локалната самоуправа, граѓанското општество и бизнис секторот. Важноста на овие обуки беше во запознавањето на учесниците со меѓународната и националната правна рамка за човекови права во Република Македонија, можностите за идентификација на ранливите и сиромашните социјални групи, принципите на еднаквост и недискриминација како и потребата за почитување на прогресивната реализација на човековите права, вклученоста во граѓанското општество и засилување на одговорностите на власта на сите нивоа.

Персоналот на БИМ исто така изврши ревизија на финалната верзија на плановите за локален развој на пилот општините и на тој начин не им дозволи тие да бидат единствено „економски“ ориентирани туку и во поголема мерка во нив да ги вклучат и аспектите на човековите права и како последица на тоа тие дадоа совет за дефинирање на специфичните политики и активности кои се стремеа кон подобрување на социјалната и економската состојба на ранливите и сиромашните. Особено внимание беше посветено на идентификацијата и вклучувањето на човековите права и на националните и меѓународните правни стандарди како и на главните стратешки цели кои беа елаборирани од страна на ЛЛГ и применливите индикатори во стратегијата.

Процесот на планирање на активностите на веќе подготвените стратегии за ЛЕР беше завршен во Гостивар, Струмица и Неготино со активно учество и продонес на членовите на ЛЛГ во овие општини. Иако стратегиите за ЛЕР предвидуваа проекти со социјални компоненти, за време на процесот на давање на приоритети на најважните проекти, членовите на ЛЛГ секогаш ги избираа проектите кои ја содржеа економската компонента. Од овие причини, Советниците на СНВ (Холандска организација за развој) кои го водеа овој процес ги наведуваа членовите на ЛЛГ да го користат ПЗЧП и да го имаат во предвид вклучувањето на ранливите групи во проектите за ЛЕР. Сепак, на крај на процесот на планирање на активностите, учесниците ги признаа придобивките од ПЗЧП и од социјалната компонента во процесот на планирање на локалниот развој.

(1) **Пристапот заснован на човековите права треба да ги изостри моралните основи на работата која треба да биде спроведена од различни учесници** вклучувајќи ги тука креаторите на политиката на сите нивоа, организациите на граѓанското општество, тимовите на ОН кои работат во земјата во рамките на Договорот за развој на ОН, свртување на нивното внимание на најпотиснатите и најисклучените и објаснување како политичкиот глас на сите луѓе и пристапот до информации се интегрален дел од развојот. Од овие причини, перспективите на човековите права треба да бидат пресликани во сите стратегии за развој, **без рангирање на ранливоста и занемарување на нивните потреби доколку бројот на луѓе кои страдаат од овој вид на ранливост е мал.** Сепак, економските можности на севкупниот процес треба секогаш да се земат во предвид.

Уште по прецизно, пристапот заснован на човековите права го гледаа развојот како процес на реализација на фундаменталните човекови права и слободи и на тој начин ги поставува ранливите и сиромашните во средиштето на јавните политики на процесот на развој така што бара нивно овластување и во процесот и во исходите на стратегиите за ЛЕР. Од друга страна, меѓународната нормативна рамка за човековите права особено е преокупирана со индивидуи, групи кои се ранливи, маргинализирани, хендикепирани или социјално исклучени така што, интеграцијата на човековите права во стратегијата за ЛЕР им помага да се осигураат дека релевантните мерки им посветуваат соодветно внимание на овие сектори (на пример здравството) и/или подсектори (на пример здравствената заштита) кои се од особено значење за политиките насочени кон сиромашните, ранливите, маргинализираните, хендикепираните или социјално исклучените индивидуи или групи.

(2) **Напорите да се претстават потребите на ранливите и сиромашните без формално претставување (на пример НВО и/или ЦБО) треба да бидат засилени.** Партиципаторната природа на подготвување и имплементацијата на стратегиите за локален развој треба да се гледа како предуслов за вистинска јавна сопственост на овие стратегии. Поточно, потребно е активно и информирано учество на сиромашните во формулирањето, имплементацијата и мониторингот на стратегиите за ЛЕР што е од особено значење за комплексните човекови права кој се нераскинливо поврзани со фундаменталните демократски принципи. Затоа, се препорачува тие да се елаборираат „од долу на горе“ а не „од горе на долу“ и сите веќе вклучени и потенцијални учесници да бидат вклучени веќе во раната фаза од елаборирањето. Во политичка клима на демократски дефицит, партиципаторното елаборирање на стратегиите и грешките во нивната имплементација се особено важна вежба за изградба на партиципаторната демократија која е исто така значајна за транзицијата од конфликт во консензус и за подобрување на политичката култура.

Исто така се препорачува **да се создадат механизми за постојана консултација со ранливите и сиромашните кои немаат свои формални претставници и/или институционализација и дискусии со фокус групи како вообичаена практика на работа во општините**. Друга опција може да биде **реконституирање на ЛЛГ како полу-официјални тела кои ќе иницираат состаноци со локалната администрација и градоначалниците на кои ќе ги пренесуваат пораките од жителите**, особено на оние жители кои спаѓаат во ранливите групи. Ваквите механизми за консултации можат да обезбедат плодна платформа за политички дијалог помеѓу носителите на обврските и носителите на правата, да го максимизираат залагањето и учеството на релевантните локални власти со што би се осигурало подобро разбирање на проблемите и маните кои и попречуваат на реализацијата на бараните економски, социјални и културни права на граѓаните. Во контекст на тоа, овие механизми можат да им помогнат на локалните власти да ги идентификуваат, анализираат и да пронајдат решенија за многу проблеми со кои

се соочуваат жителите во случај да се обидат да добијат пристап до одредени социјални права (на пример социјална заштита, домување здравство или образование).

**Најдобри практики**

Со цел да се обезбеди учество на најранливите и најсиромашните во елаборирањето на плановите за локален развој заснован врз основа на МРЦ, треба да се нагласат нај честите проблеми со кои се соочуваат овие групи на жители, да се направи проценка на нивните потреби и да се предложат соодветни решенија кои ќе бидат вклучени во плановите за локален развој. БИМ подржан од локалните консултанти на УНДП – Македонија ги покани претставниците на заедниците кои спаѓаат во категоријата дефинирана како „ранливи и сиромашни" и создаде тематски фокусни групи во секоја од седумте избрани општини. Учесниците беа избрани во соработка со општините и претставниците на локалните НВО.

Се чини дека за прв пат во Македонија луѓето кои се соочуваа со социјална исклученост и маргинализација беа вклучени во изработувањето на планот за локален развој на нивните општини што јасно покажа дека приоритетите на овие групи на луѓе многу тешко се земаат во предвид без пошироко политичко претставување. Впрочем, групите кои од најразлични причини не беа вклучени во ЛЛГ често беа „заборавени жртви" и нивните приоритети беа вклучени во стратегијата главно како резултат на активностите спроведени од страна на БИМ. Со други зборови, дискусиите со фокус групите помогнаа да се интегрираат потребите на „невидливите" социјални групи.

**(3) Механизмите за мониторинг и одговорност треба ефективно да се користат и/или доколку не постојат да се воведат и адресираат во идните развојни активности бидејќи нивното не постоење ќе ја заслабне имплементацијата на стратегиите.** Примарна функција на овие механизми треба да биде да набљудуваат и известуваат за имплементацијата на усвоените стратегии, да се стремат кон развивање на конструктивен дијалог со сите релевантни учесници во процесот, да определуваат на најразлични начини дали приоритетите содржани во стратегиите адекватно се применуваат и како имплементацијата на стратешките приоритети може да се подобри. Потребата за известување треба да биде многу повеќе од само формална обврска и во известувањето треба да бидат вклучени следниве основни функции: почетна ревизија, набљудување, (ре)формулација на политиките, проценка, потврда на проблемите и размена на информации.



**Најдобри практики**

Уште едно видливо влијание кое беше постигнато како резултат на учеството на БИМ во изработката на плановите за локален развој заснован врз основа на МРЦ во дадените општини е вклучување на квалитативни и квантитативни индикатори од *Принципите и насоките за пристапот заснован на човековите права во намалувањето на сиромаштијата* на UN OHCHR во финалната верзија на стратегиите. Ова понатаму ќе служи како репер според кој ќе се мери напредокот во имплементацијата на стратегиите.

**(4) Во стратегиите за ЛЕР и во сите други релевантни публикации (на пример Прирачници, Правилници за однесување и др.) треба да бидат достапни повеќе информации за механизмите и институциите преку кои може да се бараат загрозените права**. Засилување на протокот на информации за постоечките механизми и институции преку кои може да се бараат загрозените права, ќе помогне да се развие поголема почит и на заедничките проблеми и на можните решенија во реализацијата и уживањето на секое од оспорените права.

БИМ го препознава значајниот придонес кој може да биде создаден од страна на секторот на граѓанското општество во областа на распределбата на информациите кој се однесуваат на уживањето или не уживањето на одредени човекови права кои се особено значајни за одредени ранливи групи. Секторот на граѓанското општество може да одигра

значителна улога во ревидирањето на стратегиите за локален развој и да обезбеди есенцијални и корисни информации за формулирање на исходот. Од овие причини, **засилувањето на секторот на граѓанското општество на локално ниво** треба да биде фундаментален предуслов за собирање и дистрибуција на точни информации со што ќе се создаде адекватна клима за барање на потполно исполнување на специфичните права. На овој начин, на јавноста ќе и овозможи проверка на политиките на МРЦ со почитување на имплементацијата на стратегиите и охрабрување на вклучувањето на различни сектори на општеството во формулацијата, имплементацијата и ревзијата на релевантните политики.

Најдобра практика

Севкупна проценка е дека невладиниот сектор игра витална улога во зголемувањето и развојот на пристапот заснован врз основа на заштита на човековите права во намалувањето на сиромаштијата, како и на засилувањето на човековите права на ранливите и сиромашните во земјата. Со цел да се зголеми ефикасноста, влијанието и видливоста на активностите кои се превземаат од страна на НВО за заштита на човековите права преку нивната работа со ранливите и сиромашните групи, помошта на релевантните учесници да ја постигнат оддржливоста, легитимноста и одговорноста, како и постигнување на конкретни резултати, во текот на 2007/2008 година БИМ финансиски ги поддржа НВО кои работат на промоцијата и заштитата на човековите права во секоја од седумте избрани општини.

Компонентата Поттикнувачки фондови на почетен капитал на БИМ/АДА беше дизајнирана да обезбеди финансиска поддршка на основни микро проекти за човекови права и намалување на сиромаштијата. Тие беа спроведени од страна на организациите на граѓанското општество со цел да се зголеми поддршката, заштитата и промоцијата на човековите права на ранливите и сиромашните во секоја од седумте избрани општини. Успешните кандидати беа локални НВО кои понудија најдобри проекти наменети за намалување на сиромаштијата и поголема социјална вклученост на ранливите и сиромашните жители. Покрај лимитираните достапни фондови наменети за финансиска поддршка на горенаведеното, круцијален дел на овој процес беше определбата и посветеноста на НВО да се вклучат и да превземат проактивен пристап кон придонесот за постигнување на нивната мисија преку целите на проектот.

Микропроектот во општина **Струмица** беше посветен на исполнувањето на еден од едногласно прифатените стратешки приоритети. Тој приоритет беше заштита на здравјето на жените и превенција на ширењето на ракот на дојката и други малигни заболувања кај ранливите социјални групи. Во соработка со јавните здравствени институции на локалната самоуправа, релевантните организации на граѓанското општество и донаторите, БИМ/АДА учествуваа во набавката на ехо-дијагностичка опрема за рано дијагностицирање на ракот на дојката помеѓу женското население во општина Струмица и другите околни општини. БИМ/АДА обезбедија финансиска поддршка на Граѓанската асоцијација на жените во Струмица која беше главен партнер за имплементација кој спроведе широка кампања за подигање на јавната свест во рамките на микро-регионот Струмица со што обезбеди размена на информации и знаења кои особено беа наменети за загрозените и маргинализираните заедници (на пример. жените од руралните средини, самохраните мајки, ромските жени, невработените и примателите на социјална помош). Крајниот ефект беше обезбедувањето на адекватен, квалитетен и непречен пристап до здравствени услуги за сите жени, со цел да се намали процентот на морталитет на жените и на ниво на регионот на Струмица и на ниво на Република Македонија. Од 1400 прегледани жени за време на имплементацијата на проектот, 157 жени беа од рамките на ранливите жени.

Микропроектот во општина **Гостивар** беше насочен кон еснцијалниот проблем на ромската заедница не само на локално туку и на национално ниво, а тоа е еднаква и недискриминирачка достапност до образовниот систем на ромските деца. Проектот се состоеше од низа на едукативни работилници кои беа средство за промоција на придобивките на образованието за ромската заедница со цел да се стимулира зголемен број на дипломирани ромски ученици. Самиот проект имаше силна хумана димензија (полна партиципација на ранливите групи во процесот на имплементација на проектот но исто така и полна поддршка на наставниот кадар и на родителите на ромските деца) и исто така беше и во согласност со приоритетите поставени во агендата на Декадата на Ромите. За времетраењето на проектот беа спроведени 10 работилници на кои учествуваа 213 учесници. 202 учесници беа ученици (169 во основното образование и 33 во средно образование) и 11 наставници. Како дополнение, беа спроведени 11 состаноци со Советот на родители на ромските деца и беа остварени посети на 53 ромски семејства. Крајниот ефект на овој проект беше подобрување на оценките кај вкупно 65 ученици што ќе придонесе за нивно идно запишување во средните училишта.

Микропроектот кој беше имплементиран во општина **Брвеница** создаде нови можности за економски развој на општината и за намалување на стапката на невработеност преку засилување на Ацосијацијата на пчелари со создавање на услови за постојана размена на информации и трансфер на збодиени знаења, изучување на нови методи и технологии за чување на пчели, заштита на човековата средина и зголемување на производството на мед на пчеларите како и мотивирање на 11 млади луѓе од 5 социјално загрозени семејства да се приклучат кон процесот на производство на мед и да отпочнат нови бизниси кои ќе обезбедат идни приходи. Вредноста на овој проект беше што тој создаде единство помеѓу веќе постоечките производители на производи од мед и почетниците кои се членови на Асоцијацијата на пчелари за заедничка соработка и изнаоѓање на поефикасни начини за маркетинг на производите на мед (регистрација на производите од мед и добивање на право да се користи географска ознака и ознака за потеклото).

Микропроектот имплементиран во општината **Македонски Брод** презентираше можност за развој на регионот на Поречје и ги поддржа иницијативите за самовработување на жените фармери, невработените и самохраните мајки преку производство на органска храна и рачни изработки и промоција на природните убавини и шумите на алтернативниот туризам. Во рамките на главните активности беа вклучени: поддршка на иницијативите кои создаваат приходи и придонесуваат за намалување на стапката на невработеност, креирање на кооператива за образование за производство на органска храна (мед, костени, зрнесто овощје, печурки сирење и друго) и промоција и стимулирање на селскиот туризам. Резултат на проектот беше 17 нови регистрирани фармери и индивидуални земјоделски производители и 35 ново регистрирани членови на кооперативата. Резултатите на проектот може да се измерат со подобрен социјално-економски статус на ранливите жени и зголемена свесност на локалното население за производството и потрошувачка на органската храна. За подетални информации Ве молиме да го посетите следниот линк http://www.porecanka.com.mk

Микропроектот имплементиран во општината **Росоман** се стремеше кон намалување на сиромаштијата преку стимулација на активности за самовработување и осигуран пласман на земјоделските производи произведени од семејствата кои примаат социјална помош избрани во консултација со релевантни претставници на општината. Во рамките на главните активности на проектот беа вклучени: конструкција на полиња со домати за 3 семејства кои примаат социјална помош (вкупно 11 корисници), обука за култивирано производство на домати, обезбедување на сигурен пласман на

произведените домати во соработка со локалните бизнис претпријатија со што ваквиот вид на земјоделски активности се промовираше како начин за создавање на приходи. Прикажано во бројки, исходот на проектот беше производство и продажба на 10 тони домати. Исто така, преку среднорочен договор гарантиран од страна на општината Росоман на крајните корисници им беа обезбедени дополнителни 1,5 хектар земјиште за производство на домати кое корисниците ќе можат да го користат без никаков надомест.

Микропроектот спроведен во општината Неготино се стремеше кон самовработување на младина од социјално загрозените семејства преку одгледување на шитаке печурките. Во рамките на главните активности на проектот беа вклучени: во соработка со Центарот за социјална заштита на Неготино беа избрани 10 корисници, беа спроведени теоретски и практични работилници за одгледување на печурките во домашни услови, беше остварена соработка со бизнис секторот со цел да се обезбеди сигурен пласман на произведените производи на пазарот. На младите корисници на проектот им беа понудени иновативни идеи како да го искористат своето слободно време така што ќе почнат да размислуваат за развој на сопствен домашен бизнис. Тие отпочнаа со истражувања преку интернет и на тој начин добија информации од производители на печурки од други земји како тие потенцијално можат да ги развијат своите сопствени фарми и бизниси. Корисниците можеа да го применат знаењето добиено од интернет на нивните новоформирани минифарми. Краен исход на проектот беше производство на 53 килограми свежи печурки и 7 килограми суви шитаке печурки. Свежите печурки беа продадени во Неготино а сувите беа продадени во Скопје со што се создаде приход од вкупно 56,800 МКД. Проектот имаше поширока вредностземајќи го во предвид интересот за повторување на проектот во други општини во Македонија и на Косово. За подетални информации ве молиме да ја посетите страницата http://www.ekovita.com.mk

Главна цел на микропроектот имплементиран во општина Демир Капија беше вклучувањето на невработените младинци во промоцијата на природните ресурси на општината преку отварање на можност за развој на алтернативниот туризам и создавање на поповолни услови за вклучување на поголем број на млади луѓе во процесот на зачувување на локалниот фолклор и традиција. Во рамките на главните активности на проектот беа вклучени: беа отпечатени 1000 копии на промотивни брошури; 10 луѓе беа вклучени во процесот на подготовката на промотивниот материјал; беа организирани две риболовни тури и две кампувања; 10 традиционални фолклорни носии, 10 традиционални фолклорни панталони и 15 чифта традиционални фолклорни обувки беа набавени за потребите на Културно уметничкото друштво Мирка Гинова; беа привлечени околу стотина нови членови кои зедоа учество во најразлични социјално корисни активности. Појдовната точка за изучување без сомнение беше фактот дека добар менаџмент и функционална координација е единствен начин за успешна имплементација на мулти партнерски проекти. Имплементацијата на проектот покажа дека владините институции и невладиниот сектор можат беспрекорно заеднички да функционираат и со тоа да создадат придобивки за населението во општината. За повеќе информации ве молиме посетете ја страницата http://demirkapija.org

Иако многу релевантни институционални учесници одиграа значителна улога при насочување за соединување на најразлични партнери во развојот за подобрување на дијалогот и соработката, ваквиот *модус операнди* не секогаш дава гаранции за одржливоста на процесот на имплементацијата на стратегиите и на никој начин не создава предуслов за создавање на оперативни предуслови за ПЗЧП на локално ниво. Она што е од највитално значење е да се засили одржливоста на механизмите на ПЗЧП во процесот на социјално вклучување, економски развој и намалување на сиромаштијата и да се

обезбеди неопходната техничка помош и финансиска поддршка и на Општините и на локалните НВО во имплементацијата на заеднички договорените стратешки приоритети. Уште по прецизно, изградбата на капацитетите на локалните учесници подобро се одвива доколку нивните капацитети се градат одново отколку истите да се корегираат. За возврат, ова исто така може да има и повратно влијание на можноста за повторување на целокупниот процес во кој одговорните учесници треба да обезбедат можности за примена на добиените знаења и вештини и да го спроведат нивниот лидерски потенцијал.

Најдобри примени

Вклучувањето на партиципаторниот процес во имплементацијата на развојни програми финансирани од страна на донатори – познати како „партиципаторен развој“ е она што БИМ го практикуваше во седумте избрани општини. Вклучувањето на локалните учесници во дефинирањето и изготвувањето на локалните стратегии за развој најверојатно ќе обезбеди висок степен на одржливост на целокупниот процес.

Генерално, ЛЛГ постигнаа консензус во врска со значајот на засилувањето на улогата на ранливите и сиромашните во нивните општини и подобрување на нивниот социјално економски статус. Исто така, подржувањето и имплементацијата на локалните стратегии за развој преку финансирање на микро проекти во секоја од седумте избрани општини одигра значајна улога и во поврзувањето на ЛС, НВО и бизнис секторот и во зголемувањето на интересот и значењето на примената на ПЗЧП во плановите за локален развој.

Достапноста, квалитетот и укинувањето на податоци за родот, возраста, етничката припадност и регионот беа главни пречки во проценката за состојбите на развојот. Официјалните податоци не беа секогаш веродостојни и/или прифатливи, особено кога постоеа несогласувања помеѓу официјалните и независните податоци. Главните учесници во процесот ја сметаа точноста и достапноста на статистичките податоци за еден од главните фактори кој овозможува имплементација на развојните програми. За време на имплементацијата на проектот стана видливо дека националниот капацитет за собирање, анализа и менацирање на регуларни и веродостојни статистички податоци и информации треба да се развива. Сериозни неадекватности и недостатоци на податоци беа идентификувани од страна на БИМ за време на спроведувањето на процесот. Од овие причини, **севкупниот статистички капацитет на земјата треба да биде подобрен и треба да биде постигнат договор за методите на собирање и анализа на потребни податоци со релевантните учесници во процесот.**